# Запишување во основно училиште во 2024 година

Поаѓањето во училиште е возбудливо време за децата, родителите и негувателите. Сакаме да помогнеме процесот на запишување да ви го направиме што е можно полесен.



Во Викторија, вашето дете има право да посетува училиште во неговото одредено соседство (вашето „локално училиште“) според *Законот за реформа на образованието и обуката од 2006 година (Education and Training Reform Act 2006)*.

Исто така, може да аплицирате за место во училиште што не е ваше локално училиште. Училиштето ќе ја разгледа вашата апликација во согласност со политиката за запишување (Placement Policy). За повеќе информации за политиката за запишување, посетете ја страницата Запишување во училиште.

## Нов распоред на запишување во Foundation (Prep)

Првата година на основно училиште се нарекува Foundation или Prep. Го објавивме новиот распоред на запишување во Foundation во сите викториски државни основни училишта (видете на страница 3). Целта на распоредот е да ви помогне да дознаете кога и како да го запишете вашето дете во Foundation во училишната 2024-та година.

## Кога треба моето дете да го запишам во прва година на основно училиште?

Вашето дете мора да биде старо 5 години до 30 април во годината во која поаѓа во училиште.

Школувањето е задолжително за децата кои наполниле 6 години.

За да го запишете вашето дете во викториско државно основно училиште во училишната 2024-та година, апликација за запишување поднесете во училиштето до 28 јули 2023.

## Како да го запишам моето дете во прва година на основно училиште?

Направете ги следните чекори за да го запишете вашето дете во прва година на основно училиште:

1. Најдете го вашето локално училиште на веб-страницата Find my School (видете подолу).
2. Јавете се на државно основно училиште за да закажете обиколка на училиштето или за да дознаете повеќе за училиштето и за процесот на поднесување на апликација за запишување.
3. Од Enrolling in Foundation (Prep) преземете го (download) комплетот на информации за запишување во Foundation (Prep) (достапен од 24 април 2023).
4. Поднесете ја апликацијата за запишување во Foundation **до петок, 28 јули 2023**.
5. За исходот на вашата апликација ќе бидете известени **до петок, 11 август 2023 година**. Ако добиете покана за запишување, поканата треба да ја прифатите **до петок, 25 август 2023 година**.
6. Присуствувајте на сесиите за информации околу запишувањето и преминувањето **во текот на четвртото тримесечје (Term 4) на 2023 година**.
7. Вашето дете ќе појде во Foundation **од вторник, 30 јануари 2024 година**.

## Како да го најдам моето локално училиште?

Најдете го вашето локално училиште на веб-страницата Find my School следејќи ги следните чекори:

1. Внесете (enter) findmyschool.vic.gov.au во вашиот пребарувач (browser).
2. Внесете ја вашата постојана адреса на живеење во ‘Enter your address to get started’.
3. Во ‘Enrolment year’ (година на запишување) одберете 2024. **Забелешка:** училишните зони за 2024 година ќе бидат достапни кон крајот на првото тримесечје (Term 1) на 2023.
4. Во ‘School type’ (вид на училиште) одберете 'Primary' (основно).

На мапата ќе се појави вашата адреса, вашето локално училиште и на левата страна податоците за контакт на училиштето. Ако пребарате подолу (scroll down), исто така ќе ги видите петте училишта најблиску до вашата адреса.

Под ‘Search for school’ исто така може да пребарувате според името на училиштето.

## Дали моето дете може да се пријави за државно основно училиште што не е наше локално училиште?

Да, може да се пријавите во училиште што не е ваше локално училиште. Училиштето ќе ја разгледа вашата апликација во согласност со политиката за запишување (Placement Policy) и слободни места. Информации на кои апликации им се дава предимство може да најдете на страницата Запишување во училиште.

## Што се случува ако добијам писмо во кое пишува дека мојата апликација за запишување не е прифатена?

Треба да поднесете барање за запишување во друго училиште. Вашето дете има гарантирано место во неговото локално училиште. Кое е локалното училиште на вашето дете се одредува врз основа на неговата постојана адреса на живеење.  Посетете Find my School за да видите кое е локалното училиште на вашето дете. Страницата Enrolling in school исто така може да ви помогне да ја проверите адресата за запишување на вашето дете.

Исто така може да се жалите на одлуката. На страницата Enrolling in Foundation (Prep) има информации за процесот на поднесување жалба против исходот на апликацијата за запишување.

## Што се случува ако ги пропуштам роковите за запишување?

Барање за запишување на вашето дете во Foundation во училишната 2024-та година може да поднесете во секое време, почнувајќи од третото тримесечје (Term 3) на 2023 година.

Иако од вас се бара апликација за запишување да поднесете до петок, 28 јули 2023 година, апликации добиени после тој датум ќе бидат прифатени од семејствата кои ги пропуштиле роковите за запишување, го смениле местото на постојано живеење или се новодојдени во Викторија.

Апликациите за запишување поднесени после 28 јули 2023  училиштето ќе ги разгледа кога ќе ги прими, во согласност со политиката за запишување на министерството.

## Каде може да најдам повеќе информации за запишувањето во основно училиште?

Повеќе информации за процесот на запишување во Foundation може да побарате во вашето локално основно училиште.

Исто така, на почетокот од второто тримесечје (Term 2) на 2023 година информативен комплет за процесот на запишување во Foundation може да најдете на страницата Запишување во Foundation (Prep) на веб-страницата Starting School.

Ако ви треба помош за преведување на информативниот пакет, ве молиме да побарате помош во вашето локално основно училиште.

## Кому да се јавам за помош?

Координаторот за преминување (Transition Coordinator), службеникот за запишување (Enrolment Officer) или директорот на основното училиште во кое сакате да поднесете барање можат да ви помогнат за сите ваши прашања за процесот на запишување.

## Корисни линкови

Во продолжение се некои корисни линкови што би можеле да ви бидат од помош кога вашето дете ќе појде во основно училиште во 2024 година:

Најдете го моето училиште – findmyschool.vic.gov.au

Информации за училишните зони – vic.gov.au/school-zones

Запишување во Foundation (Prep) – vic.gov.au/enrolling-foundation-prep

Запишување во училиште – vic.gov.au/how-choose-school-and-enrol

Попреченост и инклузивно образование – vic.gov.au/disability-and-inclusive-education

Контакти на регионални канцеларии – vic.gov.au/office-locations-department-education-and-training

# Распоред за 2023-24 година

| Датуми во 2023 година | Активност |
|---|---|
| **Второ тримесечје (Term 2): Понеделник, 24 април - петок, 23 јуни 2023 година** | |
| **Прво и второ тримесечје (Terms 1 & 2), 2023 година** | Основните училишта организираат обиколки, информативни сесии и други активности за семејствата кои сакаат да ги запишат нивните деца во Foundation (Prep) во 2024 година. |
| **До почетокот на второто тримесечје на 2023** | Училишните зони за училишната 2024-та година ќе бидат објавени на findmyschool.vic.gov.au<br>Родителите/старателите треба да видат на findmyschool.vic.gov.au каде се нивните одредени училишта во соседство (designated neighbourhood school) во 2024 година.<br>Информативен пакет за запишување за родители/старатели е достапен на Запишување во Foundation (Prep). |
| **Од првата недела на второто тримесечје на 2023** | Основните училишта може да поделат информативни пакети за запишување за заинтересираните семејства и нивните училишни заедници. |
| **Од првата недела на второто тримесечје на 2023** | **Почнува приемот на апликации за запишување** – од овој датум родителите/старателите може да поднесуваат пополнета апликација за запишување во државно основно училиште. |
| **Трето тримесечје (Term 3): Понеделник, 10 јули 2023 – петок, 15 септември 2023** | |
| **До петок, 28 јули 2023** | **Краен рок за поднесување на апликации за запишување** – до овој датум родителите/старатели поднесуваат пополнети апликации за запишување во државно основно училиште. |
| **До петок, 11 август 2023** | Основните училишта написмено ги известуваат родителите/старателите за исходот на апликацијата за запишување во Foundation (Prep) според „приоритет за редослед на запишување“ (‘Priority Order of Placement’) во согласност со политиката за запишување на министерството. Тоа може да вклучува писмо со кое се потврдува запишување (letter confirming enrolment), писмо-понуда (letter of offer), или писмо за неуспешна апликација (unsuccessful application letter).<br>Родителите/старателите кои примиле писмо за неуспешна апликација, можат да поднесат писмена жалба против одлуката нивното дете да не биде запишано во претпочитаното основно училиште. |
| **До петок, 25 август 2023** | До овој датум родителите/старателите на кои им е пратено писмо-понуда, најавуваат прифаќање на местото на нивното дете. |
| **До петок, 25 август 2023** | **Краен рок** за родителите/старателите да поднесат писмена жалба против одлуката нивното дете да не биде запишано во претпочитаното основно училиште. |
| **До петок, 15 септември 2023** | До овој датум основните училишта ги известуваат написмено сите родители/старатели за исходот на нивната жалба против одлуката нивното дете да не биде запишано во претпочитаното основно училиште. |
| **Четврто тримесечје (Term 4): Понеделник, 2 октомври 2023 - среда, 20 декември 2023** | |

| | |
|---|---|
| **Во текот на четвртото тримесечје (Term 4) на 2023** | Основните училишта одржуваат сесии за преминување (transition sessions) |
| **До петок, 20 октомври 2023** | **Краен рок** за родителите/старателите да поднесат писмена жалба до надлежниот регионален директор, ако била одбиена нивната жалба до претпочитаното училиште против одлуката нивното дете да не биде запишано. |
| **До петок, 17 ноември 2023** | Регионите ги известуваат сите родители/старатели написмено за исходот на жалбите до регионалниот директор против одлуката нивното дете да не биде запишано. Ова се однесува само на жалби примени до крајниот рок во петок, 20 октомври 2023. |